Врз основа на член 25 став 2 и член 51 став 7 од Законот за поштенски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на ден 15.07.2011 година донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ВИДОВИТЕ НА ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ДОСТАВУВАЊЕ ДО АГЕНЦИЈАТА**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат видовите на финансиските податоци и информации поврзани со обезебедувањето на поштенските услуги кои давателите на поштенските услуги се должни да ги доставуваат до Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенција) заради извршување на нејзините надлежности, како и начинот на нивното доставување.

**Член 2**

1) Финансиските податоци и информациите од член 1 на овој Правилник се доставуваат во форма на извештај за обезбедување на поштенски услуги до Агенцијата на секои шест месеци.

2) Извештајот од став 1 на овој Правилник за првата половина од календарската година (1 јануари – 30 јуни) се доставува до 1 септември, а за втората половина од календарската година (1 јули – 31 декември) се доставува до 1 март наредната година.

3) Извештајот од став 1 особено ќе содржи податоци за:

а) давателот на поштенските услуги

б) видот на поштенските услуги

в) географско подрачје на кое се обезбедуваат поштенските услуги

г) податоци за капацитети и инфраструктура

д) податоци за прием на рекламации

ѓ) финансиски податоци од обезбедување на поштенските услуги

4) Во точка а) од став 3 на овој член се содржани информации поврзани со давателот на поштенските услуги:

а) име, седиште, единствен даночен број и ЕМБС на подносителот на нотификацијата, телефон и електронска пошта на подносителот на нотификацијата

5) Во точка б) од став 3 на овој член се содржани информации поврзани со видот на поштенски пратки кои се обезбедуваат во внатрешен и меѓународен сообраќај и тоа за:

а) обезбедување на пратки за коресподенција

б) обезбедување на пакети

в) обезбедување на мали пакети

г) обезбедување на директна пошта

д) обезбедување на хибридна пошта

ѓ) обезбедување на печатени работи

е) обезбедување на други поштенски пратки.

6) Во точка в) од став 3 на овој член се содржани податоци поврзани со географското подрачје на кое се обезбедуваат поштенските услуги и тоа на:

а) цела територија на Република Македонија

б) едно/повеќе населени места

в) меѓународен сообраќај.

6) Во точка г) од став 3 на овој член се содржани податоци поврзани со капацитети и инфраструктура и тоа за:

а) Број на објекти за прием на поштенски пратки

б) Број на вработени ангажирани во обезбедување на услугите

в) Број на возила за обезбедување на услугите

г) Друго (средства, опрема, сортинг машини и др.).

7) Во точка д) од став 3 на овој член се содржани податоци за прием на рекламации од страна на корисници:

а) Вкупен број на рекламации за поштенски пратки

б) Вкупен износ на извршен надомест за штета

8) Во точка ѓ) од став 3 на овој член се содржани финансиски податоци за:

а) вкупно остварени приходи од обезбедување на поштенски услуги

б) вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај

9) Извештајот треба да биде заверен со потпис од законскиот застапник на давателот на поштенските услуги или лице овластено од законскиот застапник, а документот со кој е потврдува овластувањето на законскиот застапник треба да биде заверен со печат на давателот на поштенските услуги и истите се доставуваат до Агенцијата.

10) Агенцијата ги анализира, обработува и објавува добиените податоци од давателите на поштенски услуги на својата веб-страна во форма на извештаи на Агенцијата, и сл.
11) Агенцијата може доверливите информации добиени од давателите на поштенски услуги да ги користи само за цели за коишто тие се побарани со почитување на доверливоста на истите.
12) Доколку Агенцијата утврди дека податоците содржани во Извештајот од став 1 на овој член што се доставува до Агенцијата не се во согласност со реалните податоци, давателите на поштенските услуги треба да достават точни податоци и информации до Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на откривањето на неусогласеноста.
13) Извештајот за обезбедување на поштенски услуги е даден во Прилог на ова Упатство и е негов составен дел.

**Член 3**

1) Давателите на поштенските услуги се должни да и достават на Агенцијата информации и финансиски податоци согласно овој Правилник почнувајќи од календарската 2011 година (1 јули - 31 декември) најдоцна до 1 март 2012 година.
2) Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-137/8
Скопје, 15.07.2011 год.

Агенција за пошти
Комисија
Љупчо Мешков, претседател, с.р.